Советот за радиодифузија, врз основа на член 19 став 2 алинеа 4 од Деловникот за работа на Советот за радиодифузија (пречистен текст), на 25-та седница (ЈАВНА седница) одржана на 29.12.2009 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ ВО 2010 ГОДИНА

Во согласност и во рамките на овластувањата утврдени со Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ" бр.100/05, 19/07 и 103/08 и 152/08) и Деловникот на Советот, работењето на Советот за радиодифузија, во текот на 2010 година, ќе биде насочено кон реализација на следниве активности:

## I. Надзор врз исполнувањето на обврските на радиодифузерите

### 1. Надзор врз исполнувањето на програмските обврски на радиодифузерите

- мониторинг на радио и телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис од аспект на исполнување на неговите функции и програмски обврски од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти на Советот за радиодифузија, преку дневни, неделни и ад-хок анализи на емитуваната програма;

- мониторинг на програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва на државно, регионално и локално ниво од аспект на исполнување на програмските обврски утврдени во дозволата за вршење радиодифузна дејност и од аспект на исполнување на програмските обврски од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти на Советот за радиодифузија, преку дневни и ад-хок анализи на емитуваната програма;

- мониторинг на програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва - телевизиски програмски сервиси емитувани преку сателит од аспект на исполнување на обврските утврдени во дозволата за вршење радиодифузна дејност и од аспект на исполнување на програмските обврски од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти на Советот за радиодифузија, преку неделни и ад-хок анализи на емитуваната програма;

- мониторинг на програмските сервиси на непрофитните радиодифузни установи од аспект на исполнување на програмските обврски од Законот за радиодифузната дејност, дозволата за вршење радиодифузна дејност и подзаконските акти на Советот за радиодифузија, преку дневни и ад-хок анализи на програмата.

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

2. **Спроведување на законските одредби во поглед на заштитата на плурализмот, разновидноста и јавноста на работењето на радиодифузерите**

- следење на обврската на радиодифузерите за објавување на податоците за сопственичката структура, статусните промени, органите на раководење и изворите на финансирање;

- постапување по барања на радиодифузерите за одобрение за промена на сопственичката структура;

- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со спречување на недозволената медиумска концентрација;

- обезбедување податоци од мерењата на публиката и изработка на анализи на уделите на радиодифузерите во вкупната гледаност односно слушаност, како основа за утврдување недозволена медиумска концентрација;

- следење на рекламните практики на радиодифузерите од аспект на унапредување и поттикнување на конкуренцијата и упатување предлози за покренување постапки до Комисијата за заштита на конкуремцијата.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

3. **Следење на другите обврски на радиодифузерите утврдени со Законот, подзаконските акти и дозволата**

- следење на наплатата на радиодифузната такса;

- следење на обврската за наплата на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност;

- следење на работата на радиодифузерите од аспект на исполнување на техничките барања утврдени со подзаконските акти и со анексот на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

4. **Преземање мерки кон радиодифузерите**

- изрекување мерки на радиодифузерите за непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност;

- покренување прекршочни постапки против радиодифузерите во случаите на непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност;

- доставување предлози до Министерството за култура за спроведување инспекциски надзор врз работењето на радиодифузерите во случаите на повреда на законските одредби за употребата на македонскиот јазик.

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

## II. Надзор врз исполнувањето на обврските на операторите на јавните комуникациски мрежи

- мониторинг на програмските пакети на операторите на јавните комуникациски мрежи: кабелски оператори, ИПТВ оператори, оператори за сателитска ТВ – DTH (Директно до дома) и оператори на мултиплекси за дигитален пренос на РА и ТВ програмски сервиси (DVB-T), од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност (редовни и ад-хок анализи);

- мониторинг на програмските пакети на операторите на јавните комуникациски мрежи: кабелски оператори, ИПТВ оператори, оператори за сателитска ТВ – DTH (Директно до дома) и оператори на мултиплекси за дигитален пренос на РА и ТВ програмски сервиси (DVB-T), од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за авторските и сродните права (редовни и ад-хок анализи).

- изрекување налози на операторите на јавни комуникациски мрежи за исклучување на програмските сервиси за кои немаат регулирани авторски права;

- покренување прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи во случаите на непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност;

- доставување предлози до Министерството за култура за спроведување инспекциски надзор врз работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи во случаите на повреда на законските одредби за употребата на македонскиот јазик.

- доставување предлози до Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат за спроведување инспекциски надзор врз операторите на јавните комуникациски мрежи во случаите кога постојат индикации за повреда на авторските и сродните права;

- доставување предлози до Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост при Владата на РМ за спроведување инспекциски надзор врз операторите на јавните комуникациски мрежи во случаите кога постојат индикации за повреда на авторските и сродните права;

- воспоставување регистар на овластени застапници за склучување договори за реемитување на програмски сервиси во јавните комуникациски мрежи;

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

## III. Спречување на пиратеријата кај радиодифузерите и кај операторите на јавните комуникациски мрежи

- проверка на договорите за регулирање на авторските права на емитуваните содржини во рамките на програмските сервиси на радиодифузерите;

- проверка на договорите за регулирање на авторските права на емитуваните содржини во рамките на програмските сервиси на операторите на јавните комуникациски мрежи;

## IV. Имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност

- координирање на активностите на Националното координативно тело за понатамошна дигитализација на терестријалната радиодифузија (во соработка со Агенцијата за електронски комуникации и Македонската Радиодифузија);

- заеднички иницијативи со Агенцијата за електронски комуникации, Министерството за транспорт и врски како и со Македонската Радиодифузија за актуелизација на изградба и пуштање во употреба на мултиплексот на Македонската Радиодифузија.

- заеднички активности со Агенцијата за електронски комуникации, како и соработка со трговските радиодифузни друштва за регионализација на РМ.

- заеднички активности со други надлежни институции, организации и здруженија чија дејност е поврзана со радиодифузијата, предвидени со Акциониот план за имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност.

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

## V. Усогласување на домашната регулатива со Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси

- започнување активности околу изработка на законска регулатива во која ќе се имплементираат одредбите на Директивата за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската унија.

- започнување активности околу донесување подзаконски акти за имплементација на Директивата за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската унија.

- изработка на предлози за измена и дополнување на изборната регулатива и изработка на подзаконски акти за имплементација на Изборниот законик.

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

## VI. Доделување дозволи за нови програмски сервиси

- доделување дозволи за нови програмски сервиси наменети за емитување преку јавна комуникациска мрежа: дигитални терестријални телевизиски услуги (DVB-T), кабелска мрежа и Интернет;

- доделување дозволи за програмски сервиси на регионално ниво во рамките на процесот на дигитализација на терестријалната телевизија;

- доделување дозволи за програмски сервиси на регионално ниво (радио) за аналогно емитување;

- доделување дозволи за програмски сервиси на локално ниво (радио) за аналогно емитување.

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

## VII. Анализи и истражувања

- спроведување истражувања, анализи и јавни консултации во поглед на видот на програмските сервиси за кои треба да се објават конкурси за доделување нови дозволи за вршење радиодифузна дејност, од аспект на потребите на публиката;

- анализа на пазарот на радиодифузната дејност во 2009 година со цел да се утврди економското работење на радиодифузерите, економскиот потенцијал на пазарот на огласување и трендовите во развојот на радиодифузната дејност;

- истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програмски сервиси, од аспект на целите на регулаторната политика утврдени со Законот за радиодифузната дејност и со Стратегијата за развој на радиодифузната дејност.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## VIII. Други активности на Советот

- испитување на можноста за формирање регионални центри за мониторинг на радиодифузерите и на операторите на јавни комуникациски мрежи;

- утврдување предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса на обврзниците од одредени населени места што не се покриени со радиодифузен сигнал;

- утврдување предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса за слепи и глуви лица (член 146 од Законот).

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## IX. Радио и телевизиски програми од јавен интерес

- следење на реализацијата на програмите од јавен интерес финансирани од средствата распределени по распишаните огласи согласно претходниот Закон за радиодифузната дејност (Сл.весник бр.20/97 и бр.70/03), кои се реализираат;

- активности поврзани со користење и емитување на програмите реализирани како програми од јавен интерес;

- печатење Каталог на реализирани програми од јавен интерес, од сите 7 Огласи за финансирање програми од јавен интерес;

- префрлување во дигитален формат на реализираните програми од јавен интерес, од сите 7 Огласи за финансирање програми од јавен интерес.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## X. Подигнување на институционалниот и административниот капацитет на Советот за радиодифузија

- доопремување на информатичкиот систем во Советот;
- вработувања на стручен кадар согласно новите законски надлежности и новата организациона поставеност на Советот;
- програми за стручно усовршување на членовите на Советот за радиодифузија и на вработените во Стручната служба (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл. )

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XI. Соработка со други регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации

- соработка со Агенцијата за електронски комуникации во активностите на Националното координативно тело за дигитализација, спроведување на процесот на дигитализација на терестријалната радиодифузија, развојот на новите технологии за пренос на програмските сервиси, како и во сите други прашања што произлегуваат од заедничките надлежности во спроведувањето на законската регулатива со која се регулира радиодифузната дејност;
- воспоставување соработка со невладини организации во функција на јакнење на јавната свест за сите аспекти на премин на електронски медиуми од аналогна во дигитална технологија;
- соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата по прашањата од заедничка надлежност (утврдување и злоупотреба на доминантната позиција на релевантните пазари, облици на нарушување на конкуренцијата и др.);
- соработка со Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост при Владата на РМ.
- учество на Советот за радиодифузија во Националниот план на Република Македонија за Алијансата на цивилизациите;
- соработка со Министерството за Информатика за спроведување на националните информатички стандарди;
- соработка со другите надлежни министерства, Народниот правобранител и други органи и организации по прашања што произлегуваат од законските надлежности на Советот;
- соработка со Министерсвото за економија - Државен пазарен инспекторат со цел ефикасна имплементација на законот во поглед на заштитата на авторското и другите сродни права;
- соработка со асоцијациите на трговските радиодифузни друштва и на јавните комуникациски мрежи, невладините организации од областа на медиумите, Организацијата на потрошувачите, по прашања од заеднички интерес за развој

на радиодифузната дејност и за остварување на интересите на граѓаните во сферата на информирањето и радиодифузијата;

- воспоставување соработка со здруженијата на граѓани кои ги застапуваат интересите на лицата со специјални потреби, во функција на поттикнување на електронските медиуми да го олеснат пристапот кон нивните сервиси, на слепите и слабовидните, глувонемите и другите лица со специјални потреби;

- потпишување меморандуми/протоколи за соработка со други институции, органи и организации, по прашања што се од заеднички интерес за вршењето на работите од нивната надлежност;

- соработка со институциите, со кои Советот за радиодифузија на РМ има потпишано Меморандум за соработка.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XII. Конференции, работилници и јавност во работењето на Советот

- организирање јавни дебати и трибини за прашања поврзани со имплементирањето на одредбите на Директивата за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската унија.

- организирање тематски работилници и трибини за прашања поврзани со развојот на радиодифузната дејност и професионализацијата на медиумите;

- организирање јавни седници на Советот (еднаш на секои три месеци) со присуство на сите заинтересирани субјекти;

- активности што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (ажурирање на листата на информации од јавен карактер, одговор на поднесени барања, годишен извештај за спроведување на Законот и др.);

- печатење на билтени и други публикации во кои на радиодифузерите и на јавноста ќе им се презентираат одлуките на Советот, информации за работењето на Советот, за одделни прашања од развојот на радиодифузијата и анализи на одредени прашања поврзани со содржините на програмите;

- објавување информации за сите аспекти на работењето на Советот (седници, одлуки, заклучоци, извештаи, анализи и др.) на ВЕБ страната на Советот;

- други форми на комуникација со јавноста за одделни позначајни прашања од работата на Советот (конференции за печат, соопштенија и др.)

## XIII. Меѓународна и Европска соработка

- координација на процесот на транспонирање (пренесување) на европската директива за аудио-визуелни услуги во националното законодавство;

- соработка со националните и меѓународните институции, коишто се задолжени за хармонизирање на домашната медиумска легислатива со европските директиви;

- соработка со Европската комисија и учество во работата на Комитетот за стабилизација и асоцијација и Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика;

- соработка со Советот на Европа и учество во работата на Постојаниот комитет на Европската конвенција за прекугранична телевизија;

- учество во работата на ЕПРА и МНРА, како и соработка со регулаторните тела во Европа и во регионот;

- соработка со странски организации и невладини организации, асоцијации и форуми чијашто активност е поврзана со различни аспекти од работењето на електронските медиуми;

- учество во работата на Координативниот комитет и покренување иницијативи за остварување билатерални и/или мултилатерални средби со потписниците на Протоколот за соработка меѓу независните регулаторни тела од Западен Балкан, со цел дискусија по прашања од заеднички интерес;

- соработка со ОБСЕ и други странски организации и невладини организации, асоцијации и форуми чијашто активност е поврзана со различни аспекти од работењето на електронските медиуми.

- учество на Советот за радиодифузија во Меѓуресорската координативна група за претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XIV. Односи со јавноста

- тековна промоција на работата на Советот за радиодифузија на РМ преку стандардни алатки за комуникација;

- главен старт на новата веб страница на македонски, албански и англиски јазик по успешно изведен „мек старт";

- максимално користење на можностите на веб страницата со цел поефективно запознавање на јавноста со работата на Советот за радиодифузија на РМ;

- користење на веб страницата за подигнување на нивото на медиумската писменост;

- зголемување на присутноста/видливоста на Советот за радиодифузија на РМ во општеството;

- организирање или ко-организирање кампањи за промоција на дигиталните медиумски услуги;
- објавување на печатена „лична карта“ на Советот за радиодифузија на РМ;
- корпоративно информирање во Советот за радиодифузија на РМ преку интранет-решение.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**Бр. 01-4358/1**
**30.12 2009 година**
**С к о п ј е**

**Претседател на Советот за радиодифузија на РМ,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ**